**Одлука бр.32**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на електронска седница одржана на ден 21.02.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за измена, дополнување и донесување на Тениските Правила и Прописи, Тениските Правила и Прописи во детски тенис и кодексот за однесување на гледачи за време на тениските турнири организирани во РСМ.**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесуваат измените и дополнувањата на Тениските Правила и Прописи на ТФСМ за 2025 година.

**Член 2**

Со оваа одлука се донесуваат новите Тениски Правила и Прописи за детски тенис (црвен, портокалов и зелен тенис) на ТФСМ за 2025 година, односно се поврзуваат сите три правилници поврзани со наведените категории.

**Член 3**

Со оваа одлука се донесуваат кодексот за однесување на гледачи за време на тениските турнири организирани во РСМ за 2025 година.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување и важи до нејзина измена.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 21.02.2025 година

Тениска Федерација на Северна Македонија
Скопје